**Policy Brief**

**Отворена трибина во рамки на проектот „Заедно за успех“ на тема :**

# „Жените претприемачки заедно за успех - што ни е потребно на патот наречен претприемништво?“


## Резиме

Прашањето на женско претприемништво и нивото на вклученост на жените во претприемништво и на пазарот на трудот, е предизвик за економиите на сите земји, посебно во регионот, во земјите на Југоисточна Европа.



За таа цел, беше одржана трибина со бизнис-коктел, на тема „Жените претприемачки заедно за успех - што ни е потребно на патот наречен претприемништво?“ како дел од промотивната кампања „И јас сум претприемач“ и одбележување на Светскиот ден на жената претприемачка, во хотел Мериот, Скопје, на 17-ти ноември 2017, во рамки на проектот „Заедно за успех: млади претприемачи, движечка сила за добри међуетнички односи“, финансиран од Европската Унија.

Трибината стимулираше дискусија за начините и можностите за креирање на поволен деловен амбиент, пристап до финансии и инфраструктура за поддршка на женското претприемништво, кое би било потпомогнато и поддржано институционално. Дискусијата беше модерирана од г-а Габриела Костовска Богоеска, од Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување, и г-а Валентина Дисоска, од Здружението на бизнис жени, по повод Светскиот ден на женско претприемништво - International WED day, 19-ти Ноември.


## • Вовед

Поттикнати од актуелната состојба и последните сознанија, Здружението на бизнис жени ја искористи можноста, да ја отвори и поттикне дискусијата, со содржини од точка 5 од Агенда 2030 за Одржлив развој.

Преку преглед на Агендата 2030 за Одржлив развој, се согледуваат 17 цели на одржливиот развој и 169 цели за остварување на човековите права на сите, како и за постигнување на родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојки. Тие се интегрирани и избалансирани во трите димензии на одржливиот развој: економската, социјалната и еколошката одржливост.

• Од истражувањата се гледа огромен диспаритет на можностите, богатството и моќта;

• Нееднаквоста на половите е клучен предизвик;

• Агендата 2030 за Одржлив развој е да се осигура дека сите човечки суштества, вклучувајќи ги и жените, можат да уживаат во просперитетен и исполнет живот и дека економскиот раст е едно од основните права;

• Во Агендата 2030, од сега до 2030 година, одлучено е да се стави крај на сиромаштијата и гладот насекаде, и ова е тесно поврзано со економската моќ на жените.

• Да се создадат услови за инклузивен и одржлив економски раст, заеднички просперитет и пристојна работа за сите

• Жените и девојките мора да имаат еднаков пристап до квалитетно образование, економски ресурси и политичко учество, како и еднакви можности со мажите и момчињата за вработување, лидерство и донесување одлуки на сите нивоа.

• Зајакнувањето на родовата рамноправност и економското зајакнување на жените и девојките, кое ќе даде клучен придонес во напредокот во сите цели и достигнувања

• Приватната деловна активност, инвестициите и иновациите се главни двигатели на продуктивноста, за сеопфатен економски раст и создавањето на работни места.

• Секоја земја се соочува со специфични предизвици во одржливиот развој.

• Користењето на домашните ресурси е најлесен пристап за економскиот раст, поддржано од поволно опкружување на сите нивоа

**Агенда 2013 / Цел 5:** Постигнување на родова рамноправност и зајакнување на сите жени и девојки

Точка 5.5. Да обезбеди целосно и ефективно учество на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа на одлучување, во политичкиот, економскиот и јавниот живот

## • Пристап и резултати

Во рамките на наведената трибина беа искористени точки од Националната стратегија за развој на Женското претприемништво, која што е во согласност со ЕУ целите 2030, а засега опфаќа период до 2022 издвоивме 4 стратешки приоритети на кои се дискутираше:

- Креирање на поволен бизнис амбиент
- Обезбедување на систематска поддршка за развој на ЖП
- Креирање на инфраструктура за развој на ЖП
- Промоција, вмрежување и застапување

***Критични точки, од аспект на креирање на поволен бизнис амбиент:***

Во поглед на правната легислатива и детектирани пречки и проблеми во однос на неа, најчести предизвици се:

- недоволна едукација на жените претприемачки во тој поглед, и
- динамика на промени во правната легислатива

Породилното отсуство е исто така аспект на кој треба да се работи, бидејќи по тоа прашање често се јавува:

- дискриминација поради породилно отсуство
- вид мобинг за жени кои треба да раѓаат
- недостига соодветна мерка за заменски работник во случај на породилно отсуство на вработена
- неприфатливо е неговото продолжување поради влијанието кое тоа ќе го има на младите жени, во поглед на подолг период на професионална неактивности и неприсутност на пазарот на трудот
- недоволно стимулирање за користење на породилно отсуство од страна на татковците

Реалната состојба со градинки, која подразбира:

- недоволно места поради мали капацитети на градинките
- број на деца во групите
- несоодветни или лоши услови во градинките
- неприлагодено работно време на градинките (да не работат само прва смена)
- паднат квалитет на тендерските јавни набавки во повеќето градинки

Policy Brief

## Отворена трибина во рамки на проектот „Заедно за успех“

***Критични точки, од аспект на обезбедување на систематска поддршка за развој на ЖП:***

Пред се во поглед на фискалните и даночните олеснувања

- Даночни пријави во УЈП, за влезни и излезни ф-ри, се оптоварување за претприемачките, при што тие реагираа да се превенира транспарентноста, односно да се заштитат податоци во УЈП службите, како и во банките, шпедициите и др.
- Завод за статистика, да сервисира со потребните податоци

Преку поширокатa дискусија, жените претприемачки имаа впечаток дека претприемачите се сервис на државата, а не обратно. При тоа побараа да се обезбедат и организираат:

- Обуки за услужност и стручно-професионална едукација на сите јавни служби и службеници

Со општ заклучок дека нивото на национална едукација е многу ниско. Генерално недостига правилно, ефикасно и навремено информирање на граѓанството.

Потоа во поглед на фискални и даночни олеснувања, реакциите и сугестиите беа во насока:

- Враќање на ДДВ, обем на постапка и време на реализација;
- Плаќање на ДДВ при увоз на суровини
- Плаќање на ДДВ на фактури кои не се наплатени

Посебно за последната забелешка, беше побарано да се воспостави механизам за да може да се врши наплата на ф-ри преку УЈП - Закон за финансиска дисциплина (засега функционира со пријава во УЈП, но се казнува компанијата која не ја платила ф-рата, само со одредена парична казна, но не се наплаќа долгот кон компанијата која ја издала фактурата).

Потоа, да се овозможи флексибилен пристап кон плаќањето на данок на добивка, да се подигне границата за станување на ДДВ обврзник, да се направи ревизија на законот за фискални каси. Како забелешка беше дека поради тоа постои прелевање на жените претприемачки во статус на занаетчии поради поедноставни процедури и обврски.

Пристапот до финансии е исто така еден родов аспект во бизнис климата, со оглед на имотната распределба, за што потребни се:

- Пониски каматни стапки на постоечки кредитни линии
- Стимулирана работа на банките со микро и мали компании
- Воспоставени институционални фондови за поддршка на ЖП, како и развој на алтернативни извори на финансии (субвенции, едукациски и консултантски ваучери, МБПР кредитни линии за ЖП, бизнис ангели, ЕУ фондови и др.).

Исто така, во поглед на пристапот до финансии, потребно е да има редовна едукација и соодветно информирање за користење на сите финансиски поволности, субвенции, фондови, кредитни линии, и др.

Во поглед на образовниот систем, само како последна, но не неважна забелешка, е дека е потребна ревизија на истиот од аспект на претприемништво, со акцент на ЖП

***Критични точки, од аспект на креирање на инфраструктура за развој на ЖП:***

Комплетирање и заокружување со соодветна легислатива, која ќе регулира правни релации и обврски за

- Бизнис ангели
- Социјално претприемништво
- Менторирање
- Акцелераторски програми
- Специјализирани фондови за ЖП

***Критични точки, од аспект на промоција, вмрежување и застапување, со акцент на интернационализација на ЖП на РМ:***

Да се врати и прошири како мерка субвенционирањето на саемско претставување вон РМ на компании, посебно за жени претприемачки.

Потребна е интервенција на државата на меѓународно ниво за функционирање на PayPal во Македонија.

Како и сигурни и безбедни поштенски услуги, за пратки во и вон РМ.

## • Заклучок

Од остварената дискусија на трибината, се согледуваат повеќе конкретни прашања и постоечки состојби, на кои треба да се работи и да се реагира со соодветни мерки и законски измени, за истите да бидат во правец на поддршка и развој на женското претприемништво.

◊ Од аспект на семејство - породилно отсуство и состојба со градинки и домови за грижа за стари лица

◊ Од аспект на системска поддршка - наведените фискални и даночни олеснувања и пристапот до финансии

◊ Од аспект на инфраструктура - закони и легислатива за наведените модели кои би стимулирале ЖП

◊ Од аспект на меѓународна промоција - субвенционирано саемско присуство, современа е-наплата, сигурна поштенска испорака и др.

## • Импликации и препораки

За надминување на ситуацијата потребни се промени и адаптација на пристапот и имплементацијата на мерките и активностите со цел поголема вклученост на целната група – жените претпремачки, секако со повеќе придобивки за нив. Препораките опфаќаат:

◊ Поврзување со жените претприемачки и нивно вклучување во социјалниот дијалог преку организации и здруженија како нивни застапници




◊ Обезбедување на полесен и попрактичен начин за пристап до сите институционални информации, генерално

◊ Вклучување на целната група, директно и/или преку граѓанските организации, во креирање, имплементација и евалуација на политиките за женско претприемништво

◊ Кампањи за менување на перцепцијата за женското претприемништво и негово пошироко прифаќање

◊ Промовирање на женското претприемништвото со поиновативен пристап, од порана возраст, во образовниот систем

◊ Соработка на ГО-и со релевантни надлежни институции за организирање информативни средби за ЖП

◊ Подигање на свесноста кај жените за можностите за претприемништво и вработување

◊ Системски мерки за полесен пристап до финансиска помош и адекватна консултантска поддршка